**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**- Служба за општи и заеднички работи -**
**Бр. 18-2818/15**
**28.07. 2023 година**
**С к о п ј е**

Друштво за производство, трговија и услуги
ТРИСТА-ГРУП ДООЕЛ
Бр. 0307-55
26.07.2023 год
СКОПЈЕ

# Р А М К О В Н А С П О Г О Д Б А
## за јавна набавка на услуги
## одржување и уредување на зелени површини во Владата, резиденцијалните објекти и органите на државната управа

**СКЛУЧЕНА НА ДЕН 28.07. 2023 година, во Скопје, помеѓу:**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија,** со седиште на Плоштад „Пресвета Богородица" број 3, Скопје, ЕМБС 4097157 и даночен број 4030991222325 (во понатамошниот текст: Договорен орган) претставувана од **Директорот м-р Пеце Мирчески** и

2. **ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОРИ:**

**2.1 Друштвото за производство, трговија и услуги ТРИСТА – ГРУП ДООЕЛ Скопје (прворангирана страна во Рамковната спогодба),** со седиште на улица „Јуриј Гагарин" број 35-1/4, Скопје, ЕМБС 6961002, даночен број 4058014519230, жиро сметка 380170781200126 депонент Прокредит Банка (во понатамошниот текст: Економски оператор) претставувано од **Управителот Атанас Пашоски.**

## II. ПРЕДМЕТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

**Член 1**

Предмет на оваа Рамковна спогодба е дефинирање и уредување на меѓусебните односи и правата и обврските помеѓу договорните страни и основните услови кои ќе го регулираат извршувањето на услугите меѓу договорните страни за јавна набавка на **услуги – одржување и уредување на зелени површини во Владата, резиденцијалните објекти и органите на државната управа,** во целост согласно со техничката спецификација, за потребите на Службата и Понудата на Економскиот оператор, доставена по Огласот број 09632/2023, објавен на ЕСЈН, во „Службен весник на Република

Северна Македонија" број 110/2023 од 29.05.2023 година и во Службено гласило на Европската унија (TED).

## III. ВРЕДНОСТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА И ЦЕНА НА УСЛУГИТЕ

**Член 2**

Договорниот орган ги прифаќа цените од понудата на Економскиот оператор.

Понудата е составен дел на Рамковната спогодба.

Вредноста на оваа Рамковна спогодба без пресметан данок на додадена вредност изнесува 16.800.000,00 денари.

Данокот на додадена вредност изнесува 3.024.000,00 денари.

**Вкупната вредност на оваа Рамковна спогодба со пресметан данок на додадена вредност изнесува 19.824.000,00 денари.**

Цените од став 1 на овој член се со пресметани јавни давачки, трошоци за транспорт и останати трошоци.

**Член 3**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудите на сите страни во Рамковната спогодба ќе бидат фиксни за целото времетраење на Рамковната спогодба.

## IV. РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА И РОК, МЕСТО И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 4**

Економските оператори се обврзуваат на Договорниот орган да му обезбедат приоритет во извршувањето на услугите.

Поединечниот Договор врз основа на Рамковна спогодба се склучува во писмена форма, а ефект на Договор може да имаат и нарачка, налог, заклучница и слично, доколку ги имаат сите суштествени состојки на Договорот.

Спогодбата ќе се реализира согласно потребите на Договорниот орган од овој вид на услуги со спроведување на постапка без повторно прибирање на понуди. Изборот на Економски оператор ќе се врши со примена на т.н. „каскаден метод", односно „скалест метод" каде Договорот за јавна набавка најпрво се доделува на Економскиот оператор кој е прворангиран во Рамковната спогодба, а потоа доколку тој не е во можност да ги изврши бараните услуги, се повикува следниот, односно второрангираниот, итн.

**Член 5**

Службата се обврзува до прворангираната страна на оваа Рамковна спогодба, електронски, на официјалната е-пошта наведена во понудата на Економскиот оператор, да достави писмено барање за нарачка во скенирана форма.

Барањето треба да содржи: опис на активностите, единица мерка, количина, локација на извршување на услугите, рокот за доставување на писмената понуда, рокот за извршување на услугите, лице за контакт и други потребни податоци за навремено извршување на услугите.

**Член 6**

По приемот на барањето од страна на Службата, Економскиот оператор е должен во рок од 2 (два) часа електронски да го извести Договорниот орган од официјалната е-пошта наведена во понудата на Економскиот оператор за можноста за извршување на услугите, во спротивно Договорниот орган ќе се обрати до следниот по ранг Економски оператор.

Доколку Економскиот оператор е во можност да ги изврши бараните услуги, должен е во рокот за доставување на писмената понуда утврден во барањето да достави писмена понуда, во спротивно Договорниот орган ќе се обрати до следниот по ранг Економски оператор.

Понудата со потпис и печат од овластеното лице на Економскиот оператор, во најкус можен рок се доставува скенирана преку службена електронска пошта, додека оригиналната писмена понуда затворена во плик се доставува до Службата во рокот утврден во барањето.

Економските оператори се должни во понудите да утврдат цени согласно цените во понудите на Економските оператори.

**Член 7**

Службата е должна, по добивањето на понудата, да ја разгледа понудата и доколку е во согласност со барањата од оваа спогодба и потребите на Службата, да го потврди барањето, електронски, на официјалната е-пошта наведена во понудата на Економскиот оператор, а во спротивно, доколку понудата не е е во согласност со барањата од оваа спогодба и потребите на Службата, Договорниот орган ќе се обрати до следниот по ранг Економски оператор.

**Член 8**

Економските оператори се обврзуваат услугите - предмет на Рамковната спогодба да ги извршуваат во Република Северна Македонија, на локации наведени во писмените барања, сукцесивно, во зависност од потребите на Договорниот орган, за целовреметраење на Рамковната спогодба, во рокот за извршување на услугите утврден во писменото барање, кој започнува да се смета од денот на потврдата на писменото барање од овластено лице во Службата.

Економските оператори се обврзуваат услугите - предмет на оваа Рамковна спогодба да ги извршуваат на начин и постапка во согласност и со целосно почитување на позитивните законски прописи кои ја регулираат предметната материја.

**Член 9**

Договорниот орган се обврзува на Економските оператори да им обезбеди пристап во објектите во кои ќе се извршуваат услугите, предмет на оваа Рамковна спогодба, а по доставено и одобрено писмено барање за проверка на лица.

Економските оператори при извршување на работните активности се должни во целост да ги почитуваат позитивните законски прописи од областа на безбедноста и заштитата при работа.

**Член 10**

Кога при извршување на услугите, предмет на оваа Рамковна спогодба, ќе се покаже дека квалитетот отстапува од договорениот, Договорниот орган може да

рекламира и да бара од Економските оператори да ги извршат услугите со договорениот квалитет, во спротивно нема да изврши исплата.

Доколку Економските оператори, услугите, предмет на оваа Рамковна спогодба, не ги извршуваат со договорениот квалитет, на начин и во рок утврден со оваа Рамковна спогодба, Договорниот орган може да ја раскине спогодбата, односно да го исклучи од Рамковната спогодба Економскиот оператор кој не се придржува кон одредбите.

Економските оператори се обврзуваат да ги извршуваат услугите со квалитет согласно пропишаните важечки стандарди и прописи кои се однапред договорени, а во целост согласно спецификацијата.

**Член 11**

Опремата и средствата кои Економските оператори ќе ги користат за извршување на услугите, предмет на оваа Рамковна спогодба, во целост треба да одговараат на потребите на објектот и да се соодветни на површините кои ги третира и истите да се произведени од реномирани производители, а материјалите и средствата кои ќе се употребуваат треба да се во согласност со стандардите на Република Северна Македонија и Европската Унија или на меѓународните стандарди прифатени од Република Северна Македонија. Минималните количини и типот на опремата со кои Економските оператори се должни да бидат опремени, се детално прикажани и утврдени во Тендерската документација и во Техничката спецификација. Економските оператори се должни на работниците ангажирани за извршување на услугите да им обезбедат професионална опрема и алат за работа и за истите да обезбедат задолжително сервисирање и одржување.

Економските оператори се должни да располагаат со технички кадар од минимум лица утврдени во Тендерската документација, кои исполнуваат услови и квалификации уредени со истата. Економските оператори се должни на Договорниот орган да му обезбедат пристап во евиденција на лицата кои ќе бидат ангажирани од негова страна, заради реализација на оваа Рамковна спогодба. Економските оператори се обврзуваат на работниците ангажирани за извршување на предметните услуги да им обезбедат унифицирана работна униформа, во согласност со Законот за безбедност и здравје при работа, како и да им овозможат обука за професионално извршување на услугите.

**Член 12**

Квалитативен и квантитативен прием на извршените услуги врши Договорниот орган.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на извршените услуги.

Договорниот орган врши преглед на извршените услуги и за утврдените недостатоци и неправилности веднаш, без одлагање, ги известува Економските оператори.

Договорниот орган има право поради нецелосно, ненавремено, непрофесионално и неквалитетно извршување на услугите, односно неуредно исполнување на обврските од оваа Рамковна спогодба, да бара раскинување на спогодбата, односно да го исклучи од Рамковната спогодба Економскиот оператор кој не се придржува кон одредбите.

Договорниот орган има право поради неисправност или недостаток да бара бесплатно отстранување на утврдените недостатоци или надомест на трошоците направени за отстранување на недостатоците, во спротивно има право на сразмерно намалување на цената или раскинување на спогодбата, односно да го исклучи од Рамковната спогодба Економскиот оператор кој не се придржува кон одредбите.

**Член 13**

Договорниот орган има право да врши контрола над извршувањето на услугите, заради проверка начинот, квалитетот и рокот на извршување на услугите.

Договорниот орган има право на забелешка на извршените услуги од страна на Економските оператори.

Кога по извршување на услугите ќе се покаже дека квалитетот на извршените услуги отстапува од договорениот, Договорниот орган може да рекламира и да бара од Економските оператори да ги извршат услугите со договорениот квалитет.

Економските оператори се обврзуваат да извршат исправки по добиените забелешки од страна на Договорниот орган, веднаш по добивањето на забелешките, без право на надоместок.

Доколку Економските оператори не постапат по забелешките доставени од страна на Договорниот орган, Договорниот орган има право да не ги прифати извршените услуги и да не изврши исплата на надоместокот.

## V. РОК, НАЧИН И УСЛОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 14**

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши во рок од 30 (триесет) дена од доставување на Извештај за извршените услуги и фактура во Архивата на Службата.

Со фактурата, Економските оператори се обврзуваат да достават Извештај за извршените услуги со преглед на ангажирани работници и користена опрема и алат за извршување на услугите, потпишан со цело име, презиме и потпис од овластен претставник на Службата и овластен претставник на Економските оператори, од кој ќе се види дека услугите наведени во фактурата се извршени.

Економските оператори се должни со фактурата задолжително да ја приложат и прифатената понуда.

Во фактурата, Економските оператори се обврзуваат одделно да го прикажат данокот на додадена вредност.

Економските оператори се обврзуваат во фактурата да го наведат бројот и датумот на оваа Рамковна спогодба (под кој е заведена кај Договорниот орган).

## VI. ВИША СИЛА

### Член 15

Договорните страни се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од оваа спогодба кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Рамковната спогодба.

## VII. ДОГОВОРНА КАЗНА

### Член 16

Доколку Економските оператори задоцнат со исполнување на своите обврски преземени со Рамковната спогодба, Договорниот орган има право на договорна казна и надомест на штета, а во секој случај има право да бара исполнување на обврската.

Договорната казна изнесува 1‰ (1 промил) од вкупната договорена цена на услугите, предмет на поединечното барање, за секој ден задоцнување, ако услугите не се извршуваат во предвидениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната договорена цена на услугите, предмет на поединечното барање.

Договорниот орган има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета.

Ако штетата што ја претрпел Договорниот орган е поголема од износот на договорната казна, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

## VIII. РАСКИНУВАЊЕ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

### Член 17

Доколку договорните страни не се придржуваат кон одредбите на оваа спогодба, односно доколку било која договорна страна нема да ја исполни својата обврска во целост или делумно или пак не ја извршува навремено или квалитетно, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да бара спогодбата да се раскине, односно да се исклучи од Рамковната спогодба Економскиот оператор кој не се придржува кон одредбите и да бара надомест на штета и за тоа е должна да ја извести другата договорна страна без одлагање.

Оваа спогодба може да се раскине, односно да се исклучи од Рамковната спогодба Економскиот оператор кој не се придржува кон одредбите и пред истекот на времето и исполнувањето на износот за кој е склучена ако:

- Економските оператори ги променат цените утврдени во прифатените понуди;
- Економските оператори ненавремено, нестручно и непрофесионално ги извршуваат услугите;

- ако квалитетот на извршените услуги отстапува од договорениот квалитет;
- од било кои причини престане потребата кај Договорниот орган од услугите предмет на оваа спогодба и
- во други случаи утврдени со позитивните законски прописи.

Во случај на непочитување на одредбите од оваа Рамковна спогодба и во случаи утврдени со позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, секоја од договорните страни има право да ја раскине оваа Рамковна спогодба пред истекот на рокот за кој е склучена, но по претходно писмено известување на другата договорна страна, во рок од 30 (триесет) дена пред раскинувањето на Рамковната спогодба.

## IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

За се што не е предвидено со оваа Рамковна спогодба ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и другите позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

**Член 19**

Измена и дополна на оваа Рамковна спогодба, може да се врши само со писмена согласност на договорните страни.

**Член 20**

Оваа Рамковна спогодба се склучува исклучиво за регулирање на меѓусебните односи на договорните страни и нема правна важност за други потреби.

**Член 21**

Економските оператори се должни да ги штитат и во никој случај не смеат да ги искористат за своја сопствена употреба или да ги откриваат информациите или податоците на трето лице кои се сметаат за доверливи податоци и информации и/или деловна тајна на Договорниот орган (или субјектот во чии простории се извршуваат услугите), а таквата информација или податок ја добиле при потпишување на предметната спогодба, при извршување на услугите, предмет на оваа Рамковна спогодба, или како такви им биле доверени на Економските оператори или со нив биле запознаени на друг начин, директно или индиректно.

Економските оператори се морално, материјално и кривично одговорни за издавање на деловна тајна, доколку знаеле или би морале да знаат за таквото својство на податоците и информациите. Доколку Економските оператори истото го направат и/или настане штета од употреба и предавање на деловна тајна, Економските оператори се согласни Договорниот орган да бара надомест на штета.

**Член 22**

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку тоа не е можно, согласни се спорот да го решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 23**

Рамковната спогодба влегува во сила со денот на нејзиното потпишување од страна на договорните страни.

Рамковната спогодба важи една година од денот на потпишување, односно од денот на влегување во сила, односно до исполнување на вредноста од Рамковната спогодба.

**Член 24**

Оваа Рамковна спогодба е составена во 3 (три) еднакви примероци, од кои 2 (два) примерока за Договорниот орган и 1 (еден) примерок за Економскиот оператор.

**ДОГОВОРЕН ОРГАН**
**Служба за општи и заеднички работи**
**на Владата на Република Северна Македонија**
**ДИРЕКТОР,**
**м-р Пеце Мирчески**

**ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОРИ**
**ТРИСТА - ГРУП ДООЕЛ**
**УПРАВИТЕЛ,**
**Атанас Пашоски**

Подготвил: Даниела Здравковска
Одобрил: Славица Тошиќ
Согласен: Дејан Дамјановски